Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 66, 15 септември 2011 година

септември 2011 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања на наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно - научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации и МАС-медиуми на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници - помлади асистенти / асистенти за научното подрачје правни науки (еден соработник помлад асистент/асистент за научната област римско право и еден соработник помлад асистент/асистент за научната област казнено право) на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во научната област социологија на политиката на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден доцент за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистенти од областа транспортна механизација на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област македонистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Девизен систем и девизно работење“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Монетарна економија“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 61

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Анимација во туризмот” од д-р златко јаковлев, по предметот анимации во туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМУНИКАЦИИ И МАС-МЕДИУМИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, на седницата одржана на 7.9.2011 година, донесе Одлука бр.1602-122/4 за формирање на Рецензентска комисија за избор на ***наставник во сите звања*** за наставно-научната област ***комуникации и мас-медиуми*** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, во состав:

– вонреден проф. д-р Јован Ананиев (претседател),
– доцент д-р Љупчо Сотироски (член),
– доцент д-р Јадранка Денкова (член).

По разгледувањето на приложените материјали, пријавата и доставените материјали, согласно со Законот за високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Комисијата го изготви следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, објавен во весниците „Дневник" и „Лајм" на 18.8.2011 година, за избор на наставник во **областа комуникации и мас-медиуми** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип се пријавија двајца кандидати: д-р Андон Мајхошев, доктор на политички науки, вработен како помлад асистент на Правниот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип од 2008 година и д-р Маја Мишковска, доктор на политички науки, вработена во Центарот за управување со кризи.

Врз основа на чл. 142 од Законот за високото образование и чл. 131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пријавата и доставените трудови и го констатира следново:

Д-р Маја Мишковска нема доставено комплетна документација во согласност со објавениот Конкурс. Во поднесената документација недостасува Изјава Образец 1 до Комисијата за верификација на факти и копија од Изјавата со потврда за прием од Комисијата. Заради ова, Рецензентската комисија не прави вреднување на останатите документи.

Д-р Андон Мајхошев уредно и навремено ги достави следниве документи: 1. Список на објавени научни и стручни трудови; 2. Наставно-образовна и научноистражувачка активност; 3. Пријава; 4. Универзитетска диплома за доктор на политички науки (три примероци - копии заверени на нотар и оригинал); 5. Кратка биографија (CV); 6. Потврда (диплома) за познавање странски јазик; 7. Уверение за државјанство.

Д-р Андон Мајхошев ги исполнува условите според објавениот Конкурс во целост.

Пријавата на кандидатот, Комисијата детално ја проучи и ја утврди следнава состојба:

### *Биографски податоци*

Кандидатот **д-р Андон Мајхошев** е роден на 2 февруари 1961 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Штип, со одличен успех. Во учебната 1979/1980 година се запишува на Факултетот за политички науки при Универзитетот во Белград, каде што дипломира во 1984 година.

Во 1985 година се вработува како стручен соработник на Синдикатот во Текстилниот комбинат „Македонка" - Штип.

Во ноември 1993 година е избран за претседател на Општинскиот синдикат во Штип, а во декември 1998 година го избираат за претседател на Регионалниот синдикален совет за општините Штип, Пробиштип, Карбинци и Злетово, а функцијата ја извршува сѐ до октомври

2008 година. Како претседател на Синдикатот бил активно вклучен во едукативниот процес на ССМ како предавач-едукатор и активно учествувал во организирањето на семинари, работилници, стручни советувања, симпозиуми и др.

Во ноември 2003 година го положува испитот за овластен стечаен управник, со што се стекнува со звање овластен стечаен управник. Како стечаен управник успешно спроведува четири постапки (2 стечајни и 2 ликвидациони постапки).

Во јуни 2006 г. се стекнува со Сертификат за медијатор од Министерството за правда на РМ. Досега со медијација има решено 4 спора (2 потрошувачки и 2 од работните односи). Кандидатот е еден од основачите на Здружението на медијатори на РМ и на Комората на медијатори на РМ. Од 2006 година поседува Сертификат за медијатор. Кандидатот е член на Комората на медијатори, преку која активно е вклучен во решавањето на спорови. Бил член на Управниот одбор на Комората на медијатори на Македонија во периодот 2006-2008.

Во академската 2006/2007 година се запишува на постдипломски студии на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на насоката Политички науки, при што предвидените испити ги положува со просечна оценка 9,43.

На 3 јули 2008 година со успех го брани магистерскиот труд на тема *„Функционирање на Економско-социјалниот совет на Република Македонија во периодот 1997-2007 година"* пред Комисија во состав: проф. д-р Лидија Христова – ментор, проф. д-р Љубица Чонева и проф. д-р Јорде Јакимовски, при што се стекнува со академско звање – **магистер на политички науки**.

На 14 октомври 2008 година е избран за соработник (помлад асистент) по предметите од областа трудово право. Паралелно со овој предмет, асистира и по предметите: Уставно право, Административно право, Политичка социологија, Вовед во политички науки и Новинарска етика на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Како помлад асистент, кандидатот има остварено успешна наставно-образовна и научноистражувачка дејност преку објавување на неколку монографии, книги, научни и стручни трудови, како и изработка на скрипти и практикум за вежби по предметот Трудово право.

На 14 април 2011 година на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања при УКИМ успешно го одбранува докторатот на тема „*Улогата на социјалните партнери во колективното преговарање во Република Македонија во периодот 1990-2010 година*" пред Комисија во состав: проф. д-р Лидија Христова – ментор; проф. д-р Љубица Чонева; проф. д-р Јорде Јакимовски; 4. проф. д-р Анета Јовевска и 5. проф. д-р Мирјана Сланинка-Динева.

***Наставно-образовна дејност***

Од изборот за помлад асистент па до денес, кандидатот изведува вежби и консултации по предметите: Уставно право (2+1+1; 6 кредити) во I семестар од прва година на сите насоки, Трудово право (2+1+1; 6 кредита) во III семестар во втора година, Административно право (2+2+2; 8 кредита) во IV семестар од втора година на сите насоки, Новинарска етика (2+1+1; 6 кредита) во IV семестар во втора година на насоката Новинарство и односи со јавноста, а поради замена на колега тој со успех држеше вежби по предметот Политичка социологија во V семестар во трета година. Исто така, кандидатот редовно присуствува на испити по предметите Уставно право, Административно право и Трудово право.

Во функција на подобро совладување на материјата и подготвување на студентите од областа на предметот Трудово право, кандидатот подготвил инструктивни текстови (авторизирани предавања) за следниве теми: Колективното договарање (стр.1-53), како и Правото на ПИО и Осигурување во случај на невработеност (стр.1-9).

Кандидатот издал рецензирана Скрипта по трудово право и Практикум по предметот Трудово право, кои се во функција на полесно теориско и практично совладување на наставната материја по предметот Трудово право.

По докторирањето (14 април 2011 г.) пошироко се вклучува во изведувањето на вежбите и предавања по предметот Административно право.

***Објавени научни и стручни трудови***

Кандидатот д-р Андон Мајхошев самостојно ги изработил и објавил следниве научни и стручни трудови:

1. Штрајковите како социјален феномен, НУ Библиотека „Гоце Делчев“, Штип, Скопје, 2006 (244 стр.);

Трудот е поделен во 11 дела и прилози. Во деловите се обработуваат повеќе прашања. Структурата на главниот дел ја сочинуваат: Поим, дефиниција и право на штрајк; Економски и политички особености на периодот 1980-2005; Емпириски искуства: Аналитички аспекти на штрајковите во РМ; Штрајкувачко лидерство; Улогата на ССМ во остварувањето на законитоста на штрајкот; Видови на штрајкови; Карактеристики на штрајковите во транзицијата; Стратегии на синдикатот; Видови на штрајкувачки барања; Листа на претпријатија кои штрајкувале и Прилози (Конвенции, Препораки на МОТ, Социјален договор, Спогодба) и Библиографија со 47 библиографски единици.

Кандидатот во овој труд го анализира штрајкот од неколку аспекти (правен, економски, социјален, политиколошки), како и неговите причини и последици, лидерството, структурата на штрајкувачките одбори, бројот на учесници, изгубени работни часови за да на крајот изведе заклучоци и важни препораки за надминување на последиците од штрајковите.

2. Синдикатот во политичките процеси, НУ Библиотека „Гоце Делчев“-Штип, Штип, 2007 (стр. 252);

Во трудот се анализирани најважните политички процеси во кои синдикатот има свое активно учество особено: приватизацијата (како социјален и политички процес), процес на одлучување, изборниот процес, децентрализацијата и приватизацијата. Трудот содржи: вовед, 7 дела и прилози.

Во трудот се анализираат следниве поглавја: Теориски аспекти за политиката; Синдикатот и процесот на приватизација, Синдикатот во процесот на одлучување; Трипартизмот (социјалниот дијалог) во РМ; Синдикатот во изборниот процес; Синдикатот и децентрализацијата и Интеракција на политичките процеси.

Во овој труд кандидатот направил широка анализа на најважните политички процеси во кои синдикатот како актер во нив имал активно учество. Потпирајќи се на емпириската анализа дошол до одредени сознанија кои во понатамошното функционирање на синдикатот и другите социјални партнери ќе бидат од поголемо значење за понатамошниот развој на социјалниот дијалог и социјалното партнерство како предуслов за влез на РМ во ЕУ.

3. „Функционирање на Економско социјалниот совет на Република Македонија во периодот 1997-2007 година” (магистерски труд) – Македонски центар за меѓународна соработка МЦМС), Скопје, 2008; (125 стр);

Трудот е поделен во седум дела:
Вовед; Економско-социјалниот совет; Економско-социјалните совети во европските држави; Правна рамка на ЕСС; Трипартизмот и функционирање на ЕСС во РМ; Реформи на ЕСС во РМ; Заклучоци; Препораки и Библиографија.
Во текстот се поместени 6 табели и 2 шеми.

4. Црна книга-проблеми, барања и иницијативи на граѓаните од општините Штип и Карбинци, НУ – Библиотека „Гоце Делчев“ - Штип, 2005, (стр.71);

Всушност, можеме да ја наречеме транзициона книга, бидејќи во неа се рефлектираат речиси сите проблеми и прашања кои се поврзани со промената на општествено-економскиот систем во РМ. Кандидатот „Црната книга“ ја создал како резултат на најавата за донесувањето на новиот Закон за работни односи („Сл. весник на РМ“ 62/05) во кои се најавуваа решенија за драстично намалување на работничките права. Во трудот се содржани искажувања на различни социјални и општествени групи кои бараат од надлежните државни органи и институции да ги решат нивните проблеми. Во оваа книга се разгледуваат следниве прашања: Ставови на разни општествени и статусни групи (стечајни работници, технолошки вишок, текстилни работници, невработени, пензионери, вработени во приватниот сектор, вработени во јавниот сектор и ЈП), Заклучок и Барања и иницијативи на граѓаните.

5. Безбедноста и здравјето на работниците во Република Македонија – Годишен зборник на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, година 1, Штип, 2009, (стр.129-145)

Предмет на овој стручен труд се најважните меѓународно-правни инструменти за безбедноста и здравјето при работа на ООН, МОТ и ЕУ. Исто така, во трудот кандидатот ја анализирал и правната рамка за безбедност и здравје при работа во Република Македонија, со акцент на Законот за безбедност и здравје при работа. Во трудот кандидатот се осврнува на правата и обврските на работниците и работодавачите, особено претставникот на вработените за безбедност и здравје во претпријатието, односно институциите.

6. Резултати од постапката за утврдување на репрезентативност на синдикатите и здруженијата на работодавачи во Република Македонија, Деловно право бр. 23, Скопје, 2010 (стр.299-311)

Трудот има четири поглавја: Реформи на моделот на претставување; Постапка за утврдување на репрезентативност; Репрезентативност на синдикатот и репрезентативност на здруженијата на работодавачи и Заклучок. Во него кандидатот ја објаснува правната процедура за утврдување на репрезентативноста на синдикатот и здруженијата на работодавачи.

7. Правни аспекти на постапката за утврдување репрезентативност на синдикатите и здруженијата на работодавачи, Правник бр.223, Скопје, 2010; (стр.49-54)

Трудот содржи неколку поглавја: Модели на преставување на синдикатот; Форми на организирање на бизнис заедницата; Орган надлежен за утврдување на репрезентативност и Постапка за утврдување на репрезентативност и Заклучок. Кандидатот во трудот се осврнува на критериумите за утврдување на репрезентативност на синдикатот и здруженијата на работодавачи, а воедно ја објаснува и правната постапка за стекнување на репрезентативност на синдикатот и здруженијата на работодавачите.

8. Инструктивни стручни текстови, Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” -Штип, Кочани, 2009, (стр 1-59)

Трудот е во функција на студентите за поуспешно совладување на наставната материја од предметот Трудово право. Трудот ги содржи следниве поглавја: колективни договори, штрајк, синдикати и здруженија на работодавачи, економско социјален совет, решавање на индивидуални и колективни работни спорови, трудова инспекција.

9. Инструктивни стручни текстови, Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Кочани, 2009, (стр.1-9)

Овој текст, исто така, претставува помагало на студентите за успешно совладување на материјата по предметот Трудово право. Трудот се однесува на правата на работниците од областа на пензиско-инвалидското, здравственото осигурување и осигурување во случај на невработеност.

10. Скрипта за Трудово право (втор дел), Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, Штип, 2011, (стр. 1 - 101)

Скриптата е во функција на студентите за поуспешно совладување на наставната материја по предметот Трудово право. Трудот ги содржи следниве поглавја: Колективни договори, Штрајк, Синдикати и здруженија на работодавачи, Економско-социјален совет, Решавање на индивидуални и колективни работни спорови, Трудова инспекција, Пензиско-инвалидското осигурување, Здравствена заштита и Осигурување во случај на невработеност.

11. Практикум по Трудово право, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Кочани, 2011, (стр. 1- 56)

Практикумот претставува помагало на студентите за успешно совладување на материјалот по Трудово право од практичен аспект, кој содржи 16 практични вежби од различни наставни единици. Исто така, Практикумот содржи и 5 шематски прикази и тоа: шематски приказ за постапката за утврдување на репрезентативност на синдикатите и здруженијата на работодавачи; шема за организирање на штрајк; шема за организациона поставеност на работодавачи на ниво на територијата на Македонија; шема на организациона поставеност на репрезентативен синдикат на територија на РМ; шема на организациона поставеност на репрезентативен гранков синдикат и др.

***Трудови во подготовка за објавување:***

Во подготовка за објавување се следниве трудови:

1. Улогата на социјалните партнери во колективното преговарање во Република Македонија во периодот 1990-2010 година" (докторат во издавање), Скопје, 2011, стр. 312;
2. Политиколошки аспекти на социјалното партнерство во Република Македонија;
12. Критички осврт на делото „Политички систем" од проф. д-р Билјана Ванковска;
13. Прикази од областа на политичките науки, „Политички теории-антика", проф. д-р Светомир Шкариќ и проф. д-р Ѓорѓе Иванов, Второ издание, Култура, Скопје, 2010;
14. Правни аспекти на платата.

***Учество на семинари, конференции, симпозиуми и студиски престои***

Учествува на меѓународна конференција во Атина од 2 до 13.9.1996 година на тема „Улогата на синдикатот во европските интеграциони процеси".

Учествува на меѓународна конференција во Скопје од 6 до 8.5.1997 година на тема „Работничко акционерство – предизвици и перспективи";

Во 2001 година престојува на едномесечен студиски престој во САД, во градот Сиетл (Seattle, Washington), со што се здобива со Сертификат од Global Education Services за тренинг на локални синдикални лидери преку Програмата World Learning.

Во 2002 година учествува на Меѓународен симпозиум во Словенија на тема „Улогата и значењето на МОТ во уредувањето на работните односи".

Од 22 до 30.6.2003 година учествува на Меѓународен семинар во Анкара, Турција, со група синдикални лидери од Синдикатот СМЕРМ, на тема „Синдикатот во пазарната економија" каде што добива Сертификат од Федерацијата на металските работници *Евроазија*.

Во октомври и ноември 2004 година во Скопје учествува на два семинара за трета неутрална страна за што добива Сертификат за трета неутрална страна и усовршување на медијацијата од Канадскиот институт за решавање на конфликти.

Во ноември 2005 г. учествува на Меѓународна конференција во Белград на тема „Работните односи и социјалниот дијалог во Југоисточна Европа".

Во октомври 2006 г. учествува на Меѓународна конференција на тема „Алтернативно решавање на споровите во земјите од Југоисточна Европа".

Во декември 2007 година учествува на Меѓународниот семинар во Котор, Црна Гора, на тема „Правата на работниците во мултинационалните компании".

Во септември (19-22.9.2010) присуствува на меѓународен семинар во Трир, Германија на тема „Полова еднаквост и еднакви можности во правото на ЕУ".

***Научноистражувачки проекти***

Во периодот од 1999 до 2003 година учествува во работата на локалниот тим PRISMA-Штип во рамките на проектот за унапредување на локалниот економски развој на Р. Македонија, финансиран од USAID и Министерството за труд на САД.

Во јуни и јули 2004 година во организација на Регионалниот синдикален совет-Штип, а со финансиска поддршка на Центарот за меѓународна работничка солидарност на САД го координира имплементирањето на Проектот „Организирање на работниците во текстилните индустрија", за што добива Сертификат за успешно имплементирање на истиот.

Од 17 до 31 мај 2011 година учествува во имплементирањето на проектот „Едукација за гласачите/Заштита на гласовите на Ромите", финансиран од ОБСЕ (OSCE);

Во периодот февруари - јуни 2011 година во рамките на Истражувачкиот проектот за еднакви можности (НВО) учествува во имплементирање на проектот „Еднаква работа – еднаква плата".

„Правни аспекти и облици на мобингот во РМ", Правен факултет при Универзитетот „Гоце делчев" – Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на горенаведените податоци и констатации, Рецензентската комисија ги дава следниве оценки за кандидатот д-р Андон Мајхошев.

Прво, д-р Андон Мајхошев успешно се развива како политиколог во областа на политичките науки, што се гледа од неговото дипломирање на Факултетот за политички науки во Белград и магистерските студии од областа на политичките науки и стекнување на научен степен доктор на политички науки на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања.

Второ, поголем број на научни и стручни трудови што кандидатот ги напишал се од областа на политичките науки и политичкиот систем. Од трудовите се гледа дека кандидатот умешно ги користи добиените знаења од областа на политичките науки за проучување на емпириски појави и настани во сферата на политиката, политичкиот систем, како и во сферата на трудовото законодавство.

Трето, кандидатот покажува особен интерес за научните проекти од областа на политичките науки, насочувајќи го својот интерес кон проучувањето на синдикатите, штрајковите, мирното решавање на колективните работни спорови, социјалниот дијалог, индустриските односи, европските тенденции во развојот на трудовото и социјалното право, социјалната политика и улогата на трудот во развојот на општествените односи.

Четврто, кандидатот располага и со не така мало педагошко искуство, бидејќи повеќе години работи како помлад асистент по предметите Уставно право, Административно право и Трудово право. Притоа, кандидатот исполува наклонетост кон педагошката дејност, развивајќи коректни односи кон студентите и колегијални односи кон соработниците и наставничкиот кадар на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Петто, како искусен активист во синдикалното движење кандидатот особено се интересира и за понатамошно проучување на синдикатот и другите облици на работничко организирање во политичкиот систем.

Шесто, со оглед на неговото долгогодишно работно искуство во синдикатот, како и неговиот професионален ангажман во заштитата на правата на вработените од работен однос и имплементирањето на трудовото и социјалното законодавство во РМ, кандидатот, со својата стручност и компетентност сериозно се наметнува како добар познавач на трудовото и социјалното законодавство на РМ и пошироко (ЕУ), поради што се препорачува да држи настава по предметот Трудово право и други сродни дисциплини.

Врз основа на горенаведените оценки, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот ги исполнува законските услови за избор на наставник за областа комуникации и мас-медиуми, како дел од полето на политичките науки, бидејќи има докторат од таа област и напишал одреден број научни и стручни трудови, а располага и со одредено педагошко искуство. Согласно на тоа, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, **кандидатот д-р Андон Мајхошев да го избере во звање *доцент* за научната област *комуникации и мас-медиуми* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вонреден проф. д-р Јован Ананиев (претседател), с.р.**
**Доцент д-р Љупчо Сотироски (член), с.р.**
**Доцент д-р Јадранка Денкова (член), с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Во следната табела е прикажано вреднувањето на активностите на д-р Андон Мајхошев, помлад асистент, во периодот 2008-2011 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)** | | | |
| Интерна скрипта од вежби | 1 | 2 | 2 |
| Практикум за вежби | 1 | 2 | 2 |
| Инструктивни текстови од Трудово право | 1 | 2 | 2 |
| Инструктивни текстови за ПИО, здравствено и осигурување во случај на невработеност | 1 | 2 | 2 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра)<br><br>**2008/2009 г.**<br>1. Уставно право 1 час х 2 групи (2х12=24)<br>2. Трудово право 1 час х 4 групи (4х12=48)<br>3. Административно право 2 часа х 4 групи (8х12=96)<br>**Вкупно: 168 часа**<br><br>**2009/2010 г.**<br>1. Уставно право 1 час х 3 групи (2 во Кочани; 1 во Штип); (3х12=36);<br>2. Трудово право 1 час х 5 групи (4 во Кочани; 1 во Штип); (5х12=60)<br>3. Административно право 2 часа х 4 групи (3 во Кочани; 1 во Штип); (8х12=96)<br>**Вкупно: 192 часа**<br><br>**2010/2011 г.**<br>1. Уставно право 1 час х 1 група во Штип); (1х12=12)<br>2. Трудово право 1 час х 4 групи (3 во Кочани; 1 во Штип); (4х12=48)<br>3. Административно право 2 часа х 3 групи (2 група во Кочани; 1 група во Штип) (6х12=72<br>4. Новинарска етика 1 час х 1 група (1х12=12)<br>**Вкупно: 144 часа** | (168+192+144=504)<br>504:3=168 | 0,2 | 33,6 |
| **Вкупно** | | | **41,6** |
| **Научноистражувачка дејност (НИ)** | | | |
| Монографии (книги) во земјава | 4 | 10 | 40 |
| Одбранета магистерска теза | 1 | 4 | 4 |
| Одбранет докторат | 1 | 8 | 8 |
| Научни проекти | 1 | 2 | 2 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| **Вкупно** | | | **62** |
| **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност (САОР)** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија (Уписна комисија на Правниот факултет) | 1 | 2 | 2 |
| Труд во стручно списание | 3 | 2 | 6 |
| **Вкупно** | | | **8** |
| **ВКУПНО: (НО+НИ+САОР)** | | | **111,6** |